**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Катерина Кокина**
**именуван за подрачјето на**

**Скопје 1 и Скопје** 2
**Бул. Св. Климент Охридски бр.52/1-9**
**тел./факс (02)** 3256-010

**Образец бр.66**

**И.бр.351/17**

Извршителот Катерина Кокина од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Прокредит банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003482066 и седиште на ул.Манапо бр.7, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.729/12 од 31.10.2012 година на Нотар Сашо Клисароски од Скопје, против:

Должник Друштво за производство трговија и услуги БСТ СПОРТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје од Скопје со ЕДБ 4030004516606 и седиште на ул.11-и Октомври бб лок.322;

Заложен должник Сашо Ничевски од Скопје со живеалиште на ул. Нерешка бр.23

Заложен должник Трпе Ничевски од Скопје со живеалиште на ул. Нерешка бр.17Б,

за спроведување на извршување во вредност 1.778.109,00 ден., на ден 01.04.2021 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со второ усно јавно наддавање на:

1. Недвижноста на сопственост на заложниот должник Сашо Ничевски евидентирана во Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија – Центар за недвижности Скопје, во Имотен лист број 3252, КО Карпош, КП бр.5238, Адреса (улица и куќен број на зграда) ул.Нерешка 19, Бр. на зграда/друг објект 1, Нам. на згр. и други обј. А1-1, Влез 1:

- Кат ПО, Број 0, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина 32 и
- Кат ПР, Број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, Внатрешна површина 66.

Почетната цена на недвижноста, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност/цена на недвижност врз основа на чл.185 од ЗИ И.бр.351/17 од 01.04.2021 година на извршителот Катерина Кокина изнесува 3.074.508,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

**<u>2.</u>** ½ (една половина) идеален дел од недвижноста сосопственост на заложниот должник Трпе Ничевски евидентирана во Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, во Имотен лист број 38, КО Сопот:

- КП бр.410, Викано место Отевица, План 7, Скица 11, Катастарска култура Инт.Лозје, Класа 3, Површина во м2 5797, право на недвижност право на сосопственост и
- КП бр.290, Викано место Отевица, План 7, Скица 11, Катастарска култура нива, Класа 4, Површина 528, Право на недвижност сосопственост,

Врз која недвижност заложниот должник Трпе Ничевски има право на сосопственост на ½ идеален дел од недвижноста.

Почетната цена на недвижноста, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност/цена на недвижност врз основа на чл.185 од ЗИ И.бр.351/17 од 01.04.2021 година на извршителот Катерина Кокина изнесува:

- За КП бр.410, Викано место Отевица, План 7, Скица 11, Катастарска култура Инт.Лозје, Класа 3, Површина во м2 5797 и
- За КП бр.290, Викано место Отевица, План 7, Скица 11, Катастарска култура нива, Класа 4, Површина 528, Право на недвижност сосопственост,

вкупна процена на земјиштето изнесува 585.053,00 денари, како почетна цена за втората продажба, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

**Продажбата ќе се одржи на ден 21.04.2021 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Катерина Кокина, Бул.„Св. Климент Охридски“ бр.52/1-9, Скопје.**

Недвижноста евидентирана во Имотен лист 3252 КО Карпош е оптоварена со следните товари и службености:

- Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ И.бр.2986/2018 од 06.03.2019 година на Извршител Благоја Каламатиев за носител на правото на реален товар Верица Анастасова.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметка на извршителот со бр. 200002387764020 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број MK5080011502026, најдоцна еден ден пред одржување на наддавање. Доказ за уплатената гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Катерина Кокина